ЗА ЕСТЕТИКАТА НА НОВОИЗГРАДЕНИТЕ СПОМЕНИЦИ ВО ЗАПАДНА МАКЕДОНИЈА

# Минофрлачот не е хумана порака за иднината

**Оружјето е симбол на агресија, па неговото акцентирање при леењето споменици не е баш најсреќно избрана порака за утрешнината, велат уметниците и ликовните критичари, осврнувајќи се на спомениците што секојдневно никнуваат во западна Македонија**



Споменик на Насер Адеми во Неготин, Полошко

Војската од бисти што никнува во Западна Македонија од занаетска гледна точка изобилува со грешки, а од креативен аспект вознемирува со пораките што ги испраќа, резимираат посматрачите на новиот тренд на изградба споменици во западниот дел од земјава. Освртот на естетиката на новоизградените споменици во тетовско-гостиварскиот регион, главно бисти, што за „Време“ го направија уметници и критичари, упати на неколку основни естетски проблеми.

- Не сум многу среќен со вајарската изведба на новоизградените споменици во западна Македонија. Со исклучок на скулптурата на Џем Хаса во Симница, Гостиварско, која е попристојна од скулптурален аспект и ги задоволува основните скулпторски критериуми, другите се под нивото на вајарско дело. Освен тоа, споменикот треба да соодветствува и со амбиентот, тој бараа соодветен екстериер, кој дејствува кич секогаш кога не ги исполнува стандардите и не одговара на околината - вели Решат Ахмети, ликовен уметник.

Кај најголем дел од овие споменици Ахмети нотира грешки во ликовната изведба, грешки во пропорциите и занаетски пропусти.

- Претпоставувам дека голем дел од овие споменици е изработуван во временски теснец и дека уметниците немале ни избор ни време - вели Ахмети.

Професорот Владимир Величковски се согласува со критичноста кон скулпторската изведба.

- Тоа што го гледам како реализација на фигура е лошо. Ниту во пропорциите, ниту во изработката, ниту во леењето не ги исполнуваат основните занаетски правила на познавањето на фигурата. Гледам проблеми и во нивното поставеност и во најголем дел сметам дека се несреќно поставени во просторот - оценува Величковски.

Споменициите низ западна Македонија, главно, се фигури на личности, претежно воини од традицијата на албанската заедница.

- Од креативна гледна точка, нема апстракција и симболика во прикажувањето. Бидејќи станува збор за конкретни ликови нема слобода да се апстрахира. Па, така, сите новоизградените споменици се, главно, реалистични, што го сметам како некакво додворување на пошироките маси. Мене ми недостига симболичност. Ако креативно го толкуваме Охридскиот договор, кој е завршеток на една криза, не мора тоа да го правиме со претставување на оружје, туку можеби со некоја симболика што навестува нов почеток и нова надеж. Но, тоа, за жал, во овие споменици го нема - вели Ахмети.

Отсуството на симболика во споменициите за Ахмети е показател за духот на времето.



Скулптурата на Џем Хаса во Симница

- Генерално зборувано, не само во западниот дел, не само во Македонија, туку и на целиот Балкан споменициите го покажуваат вакуумот во колективното естетско доживување. Ако се слуша турбофолк, ако се прима инстант-култура, тоа е нивото на естетската сензитивност, од кое не отстапуваат ни новоизградените споменици - вели Ахмети.

Акцентот на оружјето, и според Величковски, испраќа погрешна порака.

- Оружјето е симбол на агресија, на трагедија. Според тоа, не испраќа порака на надеж и на хуманост. Ако е идејата да се испрати благородна порака, тогаш акцентот би требало да е ставен на други симболи - вели Величковски.

Шест години по воениот конфликт од 2001, бисти и споменици на учесници во овој судир, но и на балисти од 40-тите години на минатиот век, никнуваат во тетовско-гостиварскиот регион, бележејќи ја актуелната состојба на духот во албанскиот корпус.

- Освен споменикот на Џем Хаса во Симница, кој има подостоинствен став на офицер и џентлмен и има некаков поглед кон иднината, другите споменици се, главно, со поагресивен став - вели Ахмети.

Настрана од естетските аспекти, градежниот инспекторат ги прогласи сите споменици во овој регион, изградени во последниве години, за дивоградби.

J. Ф.